| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Обликување со зеленчук |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор зошто мораме постојано кога сме излезени од дома да носиме заштитни маски. Во градинка со другарчињата не треба да се гушкаме и допираме со раце. Така најдобро ќе си го сочуваме нашето здравје. Разговор за плодовите кои што сакаме да ги јадеме,мораме многу убаво да ги миеме. |
| **Активности** | Со Вашето дете направете една утринска прошетка,прошетајте до најблискиот пазар. Заедно со детето набљудувајте го овошјето и зеленчукот. Поттикнете го детето да го именува зеленчукот и да кажува каква боја има.<br>Во домашни услови можете да играте ликовна игра. Потребно ќе ви биде лист од блок,самолеплива хартија и ножички. Од белата или задната страна на самолепливата хартија,нацртајте му на детето контура на зеленчук(морков, пиперка, патлиџан, модар патлиџан, краставица). Под Ваш надзор дајте му на детето да сече по контурата со ножички, помагајќи му. Така исечениот зеленчук лепете го на лист од блок, и направте зеленчукова градина.<br>Оваа ликовна игра можете да ја играте и со пластелин. Поттикнете го детето самостојно да игра со пластелинот и да прави разни зеленчуци. Овозможете му некоја табла или пластична подлога на која ќе го нареди зеленчукот. |